уредени авторски и сродни права, додека Министерството за финансии да врши надзор врз наплатата на надоместокот за концесија од страна на трговските радиодифузни друштва-оператори на кабелска мрежа.

По донесувањето на наведените акти од страна на Владата на Република Македонија, до крајот на 2006 година 57 од вкупно 64 трговски радиодифузни друштва - оператори на кабелска мрежа во утврдениот рок од 30 дена до Агенцијата за електронски комуникации доставиле нотификација согласно членот 28 од Законот за еклектронските комуникации.

Во однос на регистрирањето на програмските пакети кои операторите на кабелски мрежи ги дистрибуираат преку јавна комуникациска мрежа и спроведувањето на членот 109 од Законот за радиодифузната дејнсот (Сл. Весник на РМ бр.100/05 и 19/07), Советот за радиодифузија со Министерството за култура одржа повеќе состаноци и упати повеќе дописи (бр.02-375/1 од 16.02.2006 година, бр.03-1721/1 од 23.06.2006 година, бр.03-1875/3 од 21.07.2006 година, бр.03-2954/1 од 17.11.2006 година, бр.03-3108/1 од 05.12.2006 година). Меѓутоа, Министерството за култура од своја страна не постапи по Одлуката и Заклучокот на Владата на Република Македонија.

Поради неспроведувањето на членот 109 од Законот за радиодифузната дејност од страна на Министерството за култура и неиздавањето соодветна потврда за уредени авторски и сродни права за каналите кои операторите на јавна комуникациска мрежа ги реемитуваат како целина во вид на програмски пакети, Советот за радиодифузија за постојната состојба ја извести Владата на Република Македонија (дописи бр.03-3194/1 од 18.12.2006 година), со цел посебно да го задолжи Министерството за култура итно да преземе активности кои се во негова исклучива надлежност.

Меѓутоа, и покрај наведените заложби на Советот за радиодифузија, до крајот на 2006-та година Министерството за култура не презеде активности за издавање потврди за уредени авторски и сродни права за каналите кои операторите на јавни комуникациски мрежи ги реемитуваат во вид на програмски пакети, како негова исклучива надлежност.

### *Мониторинг на програмските пакети на операторите на јавни комуникациски мрежи*

Во овој извештаен период, Советот вршеше мониторинг на програмските пакети на операторите на јавни комуникацсики мрежи од аспект на почитувањето на авторското и сродните права и реемитување програмски сервиси со порнографски содржини во некодирана форма.

Реемитување програмски сервиси без регулирани: Кабел Фокс од Скопје, Кабел нет од Струмица, Кадис 2002 од Скопје, Кале 2001 од Кичево, Атика од Охрид, за Моби од Битола, Роби од Штип, Инфел КТВ од Охрид, МДС од Скопје, Кабелскоп од Скопје, Имиџ од Скопје, Нет кабел од Стумица, Кабел нет од Струмица, КДС Кабел нет од Прилеп, КДС Кабел нет плус од Прилеп, Глобал нет КТВ од Крушево, ТВ Медиа од Скопје, Телекабел 1 од Штип, Спајдер од Гевгелија, Теленет од Штип и Алтрасат од Охрид, кој во моменот се уште не беше нотифициран.

Присуство на порнографски канали во некодиран облик е утврдено во програмските пакети на Кабелскоп од Скопје, Вива Нет од Берово, Гив од Гостивар, Г-ООН од Дебар, Омега - нет од Демир Хисар, Кале 2001 од Кичево, Глобал нет КТВ од Крушево, КТ Селеко од Неготино, КДС Кабел Нет од Прилеп, КДС Кабел Нет плус од Прилеп, Кадис 2002 од Штип, Теленет од Штип, Телекабел 1 од Штип и Моби од Битола.

### *Изречени мерки*

Советот, поради нерегулирани авторски права, нерегистириран програмски пакет или поради промена на пакетот без да го извести Советот, на операторите на јавни комуникациски мрежи може да им наложи да исклучат одреден програмски сервис. Во 2006 година упатени се 24 вакви налози (Табела 8), три од нив се однесуваат и на канали со порнографски содржини.

**Налог за исклучување програмски сервис** **Табела 8**

| Член | Прекршок | Програмски сервис |
|---|---|---|
| Член 109 став 4 | Емитување програмски сервиси без уредени авторски и сродни права | - ТРД "Кабел фокс" ДООЕЛ, Скопје<br>- ТРД "Кабел нет" ДОО, Струмица<br>- ТРД "Кадис 2002" ДООЕЛ, Скопје<br>- ТРД "Кале 2001" ДООЕЛ, Кичево<br>- ТРД "Атика" ДООЕЛ, Охрид<br>- ТРД "Моби" ДОО, Битола (два налога за исклучување)<br>- ТРД "Роби" ДООЕЛ, Штип<br>- ТРД "Инфел КТВ" ДОО, Охрид (два налога за искл.)<br>- ТРД "МДС" ДОО, Скопје<br>- ТРД "Кабелскоп" ДОО, Скопје<br>- ТРД "Имиџ" ДООЕЛ, Скопје<br>- ТРД "Нет кабел" ДООЕЛ, Стумица (два налога за иск.)<br>- ТРД "Кабел нет" ДООЕЛ, Струмица<br>- ТРД "КДС Кабел нет" ДООЕЛ, Прилеп<br>- ТРД "КДС Кабел нет плус" ДООЕЛ, Скопје<br>- ТРД "Глобал нет КТВ" ДООЕЛ, Крушево<br>- ТРД "ТВ Медиа" ДОО, Скопје<br>- ТРД "Телекабел 1" ДООЕЛ, Штип (два налога за искл.)<br>- ТРД "Спајдер" ДОО, Гевгелија<br>- ТРД "Теленет" ДООЕЛ, Штип |

### *Предлози до Министерството за* култура на РМ *за спроведување инспекциски надзор (оператори на јавни комуникациски мрежи)*

Советот, во сите 24 случаи кога при мониторингот на пакетот програмски сервиси констатираше дека се врши реемитување без регулирани авторски права, од Министерството за култура бараше да спроведе инспекциски надзор. Исто така, во два наврати беше предложено Министерството да спроведе инспекциски надзор кај сите оператори на јавна комуникациска мрежа со цел да се утврди дали безправно ги реемитуваат програмските сервиси ХРТ 2, ХТВ 1 и ТВ Нова.

Министерството за култура го извести Советот дека е спроведен инспекциски надзор кај 14 оператори на јавна комуникациска мрежа, и тоа: ТРД Кадис 2002, ДООЕЛ, Скопје, ТРД Имиџ ДООЕЛ, Скопје, ТРД Кабелскоп ДООЕЛ, Скопје, ТРД МДС ДОО, Скопје, ТРД Инфел КТВ ДОО, Охрид, ТРД МОБИ ДОО, Битола, ТРД Атика ДООЕЛ, Охрид, ТРД Кале 2001 ДООЕЛ, Кичево, ТРД Кабел нет ДОО, Стурмица, ТРД Нет кабел ДООЕЛ, Струмица, ТРД Медиа ДООЕЛ, Скопје, Алтрасат, ТРД Телекабел 1 ДООЕЛ, Штип и ТРД Теленет ДООЕЛ, Штип.

Врз основа на спроведениот инспекциски надзор, Министерството за култура го извести Советот дека се поведени прекршочни постапки против следниве девет оператори на јавна комуникациска мрежа: ТРД Имиџ ДООЕЛ, Скопје ТРД Кабелскоп ДООЕЛ, Скопје ТРД Моби ДООЕЛ, Битола ТРД Кале 2001 ДООЕЛ, Кичево ТРД Кабел нет ДОО, Струмица ТРД Медиа ДООЕЛ, Скопје Алтрасат (нелегален оператор на јавна комуникациска мрежа) ТРД Телекабел 1 ДООЕЛ, Штип ТРД Теленет ДООЕЛ, Штип.

***Прекршочни постапки***
***(оператори на јавни комуникациски мрежи)***

Во случаите кога е констатирано дека операторите на јавни комуникациски мрежи не постапиле по налогот за исклучување на програмски сервиси, односно емитувале порнографија во некодиран облик, Советот поведе вкупно 17 прекршочни постапки (Табела 9), Судска завршница има само кај шест од нив, од кои четори се за реемитување порнографски канали (ТРД "Кабелскоп" ДООЕЛ, Скопје ТРД "Г-ООН" ДООЕЛ, Дебар ТРД "Кале 2001" ДООЕЛ, Кичево и ТРД "Глобал нет КТВ" ДООЕЛ, Крушево), а две за непостапување по налогот за исклучување програмски сервис (ТРД "Инфел КТВ" ДОО, Охрид и ТРД "КДС Кабел Нет" ДООЕЛ, Прилеп) .

**Прекршочни постапки**
**оператори на јавни комуникациски мрежи** **Табела 9**

| Член од ЗРД | Прекршок | Програмски сервис |
|---|---|---|
| Член 70, став 3 | Емитување порнографија во некодиран облик | - ТРД "Кабелскоп" ДООЕЛ, Скопје<br>- ТРД "Вива Нет" ДООЕЛ, Берово<br>- ТРД "Гив Иван и др." ДОО, Гостивар<br>- ТРД "Г-ООН" ДООЕЛ, Дебар<br>- ТРД "Омега - нет" ДОО, Демир Хисар<br>- ТРД "Кале 2001" ДООЕЛ, Кичево<br>- ТРД "Глобал нет КТВ" ДООЕЛ, Крушево<br>- ТРД "КТ Селеко" ДООЕЛ, Неготино<br>- ТРД "КДС Кабел Нет" ДООЕЛ, -Прилеп<br>- ТРД "КДС Кабел Нет плус" ДООЕЛ, Прилеп<br>- ТРД "Кадис 2002" ДООЕЛ, Штип<br>- ТРД "Теленет" ДООЕЛ, Штип<br>- ТРД "Телекабел 1" ДООЕЛ, Штип |
| член 109, став 4 | Не постапил по мерката - налогот за исклучување | - ТРД "Инфел КТВ" ДОО, Охрид<br>- ТРД "КДС Кабел Нет" ДООЕЛ, Прилеп<br>- ТРД "КДС Кабел Нет плус" ДООЕЛ, Прилеп<br>- ТРД "Телекабел 1" ДООЕЛ, Штип |

## 8. ЕКОНОМСКО РАБОТЕЊЕ НА РАДИОДИФУЗЕРИТЕ

Согласно член 20 од Законот за радиодифузната дејност, радиодифузерите се должни на Советот за радиодифузија да му доставуваат податоци за финансиското работење во претходната година, односно за приходите остварени по различни основи, трошоците, инвестициите и сл. Со цел да го анализира економското работење на радиодифузерите, Советот за радиодифузија, во декември 2006 година, им упати барање на сите радиодифузери (МРТ и трговските радиодифузни друштва) да достават податоци за работењето во текот на 2005 година[2].

На оваа законска обврска одговорија јавниот радиодифузен сервис (МРТ) и 98 од вкупно 123 трговски радиодифузни друштва кои легално вршеа радиодифузна дејност во текот на цела 2005 година. До Советот не доставија

[2] Во овој Извештај не се обработени податоците за економското работење на јавните локални радиодифузни претпријатија за кои, согласно Законот за радиодифузната дејност, во 2006 година беше спроведена постапка на трансформација, како и податоците за јавните комуникациски мрежи (поранешни трговски радиодифузни друштва - оператори на кабелски мрежи), кои согласно Законот за електронските комуникации ("Сл.весник на РМ" бр.13/2005) се во надлежност на Агенцијата за електронски комуникации.

податоци вкупно 25 трговски радиодифузни друштва на локално ниво (6 ТВ и 19 радио станици). Во прегледот за 2005 година не се опфатени податоците и за 10 трговски радиодифузни друштва (3 телевизии и 7 радио станици на локално ниво), на кои не им беше обновено правото да вршат радиодифузна дејност, согласно Одлуката на Владата на РМ од 9 септември 2005 година (Сл. весник бр.77/2005)[3].

Според доставените податоци, јавниот радиодифузен сервис и приватните медиуми, во 2005 година оствариле вкупен приход од 1.299.038.327,00 денари или 21.24 милиони евра. Трошоците на работење во двата сектора изнесуваат 1.412.768.790,00 денари или 23.10 милиони евра. Според овие податоци остварениот резултат во работењето на радиодифузниот сектор е загуба од 113.730.463,00 денари или 1.86 милиони евра. Ваквиот резултат се должи на загубата во износ од 125.727.911,00 денари што во тековната 2005 година ја прикажува јавниот радиодифузен сервис, додека приватните медиуми остварија позитивен финансиски резултат од 11.997.448,00 денари.

### *Јавен радиодифузен сервис - Македонска радиотелевизија*

Согласно Законот за радиодифузната дејност од 1997 година ("Сл.весник на РМ" бр.20/97) и Законот за основање јавно претпријатие Македонска радиотелевизија од 1998 година ("Сл.весник на РМ" бр.6/98), јавниот радиодифузен сервис, средствата за своето програмско работење, ги оствaруваше во најголем дел од средствата од радиодифузната такса, а во помал дел од рекламирање, спонзорство и други приходи (продажба на сопствена програма, донации, средства од Буџетот и др.). Според податоците доставени до Советот, приходите од радиодифузната такса во вкупниот приход на МРТ во 2005 година учествуваат со 86,9 отсто, приходите од маркетиншки услуги со 6,8 отсто, од спонзорства со 0,1 отсто, а другите приходи во вкупниот приход учествуваат со 6,2 отсто.

Показателите за приходите и расходите на МРТ во деловната 2005 година, покажуваат дека МРТ искажала загуба од 125.727.911,00 денари.

| Структура на остварените приходи во 2005 година | | |
|---|---|---|
| Приход од рдт | 551.067.364,00 | 86,90% |
| Приход од реклами | 43.427.347,00 | 6,80% |
| Приход од спонзорства | 535.586,00 | 0,10% |
| Приход од донации | 189.951,00 | 0,00% |
| други приходи | 39.133.783,00 | 6,20% |
| Вкупно: | 634.354.031,00 | 100% |

| Структура на остварените трошоци во 2005 година | | |
|---|---|---|
| трошоци за производство на програма | 714.716.402,00 | 94,03% |
| трошоци за купување на програма | 45.365.450,00 | 5,97% |
| Вкупно: | 760.081.852,00 | 100% |

| Остварен резултат од работењето во 2005 година | | |
|---|---|---|
| вкупно приходи | вкупно трошоци | загуба |
| 634.354.031,00 | 760.081.942,00 | -125.727.911,00 |

[3] Врз основа на податоците за 2004 година, уделот на пазарот на овие 36 субјекти изнесувал околу 3%.